Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа-Археолошки музеј на
Република Северна Македонија-Скопје
Institucioni Nacional Muzeu Arkeologjik i
Republikës së Maqedonisë së Veriut-Shkup
Бр.-Nr. 03-429/64
07.11 20 19 год.-viti
Скопје-Shkup

**НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје**
Кеј Димитар Влахов бб – Скопје
тел. ++389 2 3233999:
e-mail: arheoloskimuzej@yahoo.com

Врз основа на чл.77-е, чл.77-ж и чл.77-ж од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), член 13 од Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен огласот од НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија Скопје, член 12 став 2 алинеа 17 и 19 од Статутот на Националната Установа Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр.01-287/3 од 08.04.2019 година, Јавен оглас бр.03-429/15 од 16.08.2019 година, Решение за номинирање членови на Комисија за постапка за вработување бр.03-429/52 од 03.10.2019 година, Записник од Комисија за постапка за вработување бр.03-429/54 од 18.10.2019 година и Записник од Комисија за постапка за вработување бр.03-429/62 од 01.11.2019 година, В.Д Директорот на ден 07.11.2019 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за неизвршен избор на кандидат по јавен оглас бр. 03-429/15 од 16.08.2019 година

Член 1

По објавениот јавен оглас бр.03-429/15 од 16.08.2019 година за засновање на работен однос на неопределено време за работна позиција „Конзерватор“- 1 (еден) извршител, не се врши избор на кандидат.

Член 2

Постапката за пополнување на работно место од член 1 ќе биде повторно спроведена по втор пат согласно чл.77-в, чл.77-г од Законот за културата.

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

Од страна на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје беше објавен Јавен оглас бр.03-429/15 од 16.08.2019 година, во три дневни весника и тоа “Вечер”, “Нова Македонија ” и “Коха”, како и на веб-страната на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје. Со Решение за номинирање членови на Комисија за постапка за вработување бр.03-429/52 од 03.10.2019 година од страна на Министерството за култура беше формирана Комисија за постапка за вработување која на ден 18.10.2019 година, видно од Записник од Комисија за постапка за вработување бр.03-429/54 од 18.10.2019 година констатираше дека по Јавен оглас бр. 03-429/15 од 16.08.2019 година, неможе да се продолжи постапката за селекција за вработување поради фактот што во моментот на

објавување на јавниот оглас бр.03-429/15 од 16.08.2019 година, во Правилникот за систематизација на работни места во НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје бр. 01-402/2 од 22.05.2019 година, нема систематизирано слободно работно место „Конзерватор", па оттука врз основа на сето горенаведено се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правно дејствие: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен Одбор на НУ Археолошки музеј на Република Северна Македонија-Скопје, во рок од 8 (осум) дена, од приемот на оваа одлука.

Доставено до:
- Архива
- Именуваните

НУ Археолошки музеј на
Република Северна Македонија-Скопје
В.Д Директор
Горан Санев

Изработил: А.Т
Согласен: И.М
Одобрил: А.С